ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-298/4**

**Дата: 01.04.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БРВЕНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Брвеница за 2008 година, кои се прикажани на страните 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Брвеница за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Џелал Рамадани, градоначалник во 2008 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 09 до 17.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени

рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Градоначалникот на Општина Брвеница нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Неназначувањето одговорен сметководител создава ризик од неоткривање на грешки во трансакциите, а со тоа и можност за неточно изготвени финансиски извештаи.
Општина Брвеница нема воспоставено систем и процедури за внатрешна ревизија. За вршење на работи од областа на внатрешната ревизија нема склучено ниту договор со друг субјект за користење на услугите од внатрешен ревизор.
Тоа придонесува за не спроведени законски обврски и можност за постоење ризик од не придржување кон законите и интерните акти како и за ненаменско и незаконско користење на средствата и располагање со ресурсите.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки во функција на разрешување на прашањето за поставување одговорен сметководител и воспоставување систем и процедури за внатрешна ревизија користејќи ги можностите што ги дава законската регулатива.

10.1.2. Советот на Општина Брвеница нема донесено Буџетски календар за утврдување на роковите за планирање на општинскиот буџет во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови, општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот и градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до Советот на општината. Не донесувањето буџетски календар не е во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и создава ризик од ненавремено донесување на буџетот.

**Препорака:**
На предлог на градоначалникот Советот на Општина Брвеница да донесе Буџетски календар со кој ќе се утврдат постапката и роковите за донесување на Буџетот на општината.

10.1.3. Надлежните служби на Општина Брвеница немаат преземено активности утврдени со законската регулатива, во правец на ажурирање на регистрите на даночни обврзници и тоа:

- кај данокот на имот, не е извршено ажурирање на регистарот за данок на имот, не е извршено усогласување на состојбите на регистарот на недвижности со состојбите од Регистарот кој го води Агенцијата за премер и катастар на недвижности како и податоците од состојбата на регистарот не се доставени до 31 декември до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи, што не е во согласност со Законот за даноците на имот;
- не е извршено усогласување на регистарот на обврзници за комунална такса за фирма за 2008 година со податоците од Централниот регистар на Република Македонија и Управата за јавни приходи, што не е во согласност со Законот за комунални такси, и
- за утврдување на пазарната вредност при прометот на земјоделското и градежното земјиште за 2008 година не е применувана Методологијата за утврдување на пазарната вредност, туку пазарната вредност е утврдена врз основа на цени од 2000-та година кои се добиени од Управата за јавни приходи, а се одобрени од градоначалникот на Општина Брвеница, не се донесени од Советот.

Ова придонесува за постоење ризик од помалку остварени приходи и намалени можности за остварување на функциите на општината.

**Препорака:**
Даночното одделение на Општина Брвеница да ги изврши следните работи:

- да се изврши ажурирање на регистарот за данок на имот;
- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на данок на имот со податоците од Агенцијата за премер и катастар на недвижности;
- секоја година, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата од регистарот да се доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи;
- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса со податоците од Централниот регистар на Република Македонија, и
- Советот на Општина Брвеница да донесе одлука со која пазарната вредност при прометот на земјоделското и градежното земјиште да се утврдува според Методологијата за утврдување на пазарната вредност, односно да се врши редовно усогласување на цените на земјиштето со пазарните услови.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Општина Брвеница со Буџетот за 2008 година има планирано приходи и расходи во износ од 35.854 илјади денари. Во 2008 година се реализирани приходи во износ од 25.279 илјади денари, расходи 24.895 илјади денари и е остварен вишок на приходи во износ од 384 илјади денари. Приходите се остварени со 70,51% во однос на планираниот износ, а расходите со 69,43%.
Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) во годината, во согласност со закон, а согласно Законот за буџетите доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

Во текот на 2008 година извршени се два ребаланси на буџетот но и покрај тоа истиот на крајот на годината не е остварен во износите утврдени со ребалансите.
Неусогласеноста на остварените со планираните буџетски приходи и расходи создава можност од преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот и нивно пренесување во наредната фискална година.

**Препорака:**
Градоначалникот, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за буџетите, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остварат како што е планирано во буџетот на општината односно доколку реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот да предложи на советот на општината изменување и дополнување на буџетот.

10.2.2. За 2008 година и приходите и расходите на сметката на Буџетот на Општина Брвеница се искажани во помал износ од 6.832 илјади денари, поради извршени плаќања на обврски спрема добавувачи со договори/изјави за цесија и компензации кои износи не се спроведени преку сметката односно преку трезорскиот систем.
Во 2008 година сметката на Општина Брвеница била постојано блокирана и согласно Законот за платниот промет општината не требало да врши плаќање со пресметка – цесии и компензации.

**Препорака:**
При состојба на блокирана сметка градоначалникот на општината, согласно Законот за платниот промет, да не дозволува плаќање со пресметка- цесии и компензации.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.3. и 10.2.2. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на Општина Брвеница на ден 31 декември 2008 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на Органот на Општина Брвеница.

13. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на состојбата на побарувањата по основ на данок на имот во износ од 14.379 илјади денари и комунална такса за истакната фирма во износ од 5.630 илјади денари или вкупно зголемување за 20.009 илјади денари.

**Обелоденување**

Општина Брвеница е тужена странка од три субјекти и тоа од едно физичко лице, поранешен член на Советот на Општина Брвеница за неисплатен надомест во износ од 75 илјади денари и од две правни лица по основ на долг во износ од 7.484 илјади денари.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на Општина Брвеница за годината која завршува со 31 Декември 2008 година.

Скопје 26.03.2010 година Овластен државен ревизор

**Буџет на Општина Брвеница**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | | 2007 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 9.798 | | 10.626 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 587 | | 1.877 |
| Капитални приходи | 3.3. | 77 | | 315 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 14.817 | | 23.174 |
| **Вкупно приходи** | | **25.279** | | **35.992** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 8.218 | | 7.654 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 4.977 | | 6.866 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.3. | 10.021 | | 200 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **23.216** | | **14.720** |
| | | | | |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **1.679** | | **18.381** |
| | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **24.895** | | **33.101** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **384** | | **2.891** |

**Буџет на Општина Брвеница**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 Ден. |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 384 | 2.891 |
| Побарувања | 4.1.2. | 20.009 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **20.393** | **2.891** |
| **Вкупна актива** | | **20.393** | **2.891** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 20.393 | 2.891 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **20.393** | **2.891** |
| **Вкупна пасива** | | **20.393** | **2.891** |